Врз основа на член 27 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и 244/19) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 декември 2020 година, донесе

# БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР
# НА ОПШТИНА ШТИП
# ЗА 2021 ГОДИНА

Член 1

Анализа и проценка на приходите и расходите на буџетот преку целата година.

Добивање на буџетскиот циркулар од министерот за финансии.

- рок до 30 септември

Градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови.

- рок до 30 октомври

Градоначалникот изготвува Предлог-План на програми за развој на Општина Штип и го доставува до Советот на општината за одобрување.

- рок до 15 ноември

Општинските буџетски корисници ги доставуваат своите финансиски планови до градоначалникот.

- рок до 10 ноември

Општинската администрација го изготвува Предлог-Буџетот на општината за наредната година.

- рок 15 декември

Градоначалникот го доставува Предлог-Буџетот на општината до Советот на Општина Штип.

- рок до 15 декември

Член 2

Овој Буџетски календар влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“, а ќе се применува од 1 јануари 2021 година.

Број 08-5963/1
30 декември 2020 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Маријана Рогожарска Поповска